Врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител на 45-та седница одржана на 29.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3284/1 од 25.06.2019 година оформен по пријава од подносителот ----------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-3284/1 од 25.06.2019 година, поради тоа што наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-3284/1 од 25.06.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ----------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневања за намерно непостапување на службени лица од општината во постапка за легализација на бесправно изграден објект- тераса со површина од 13 м2, изградена во 2003 година на лицето -----------------------, за кој барањето за легализација на споменатиот објект од страна на подносителот било поднесено во 2012 година.

Во насока на утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите во конкретниот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата со Барања за прибирање на податоци и информации со број 12- 432/1 од 22.01.2020 година и 12-432/2 од 23.09.2020 година побара од Градоначалникот на општина Гази Баба во рамките на своите законски надлежности да достави целосна информација во врска со текот и дејствијата што се преземени во предметот што сеуште се води во Општината Гази Баба за легализација на бесправно изграден објекти- тераса со површина од 13 м2, изградена во 2003 година на лицето ---------------------------, за кој барањето за легализација на споменатиот објект од страна на подносителот било поднесено во 2012 година.

Од Општина Гази Баба во законски утврдениот рок беше доставен одговор по барањето на ДКСК.

По разгледување на наводите во пријавата и прибавените податоци од другите надлежни институции, ДКСК го утврди следното

Врз основа на член 5 од Законот за постапуваое со бесправно изградени објекти (Сл. Весник на РМ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и

190/17) лицето ----------------------------, на ден 25.08.2011 година до Општина Гази Баба поднела Барање УП1 бр.28-10739 за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење за објект — доградба, кој се наоѓа на -----------------------------.

Општина Гази Баба постапувајки по Барањето УП1 бр.28-10739 од 25.08.2011 година, за утврдување на правен статус на бесправни објекти од локално значење, а врз основа на член 10 ставу 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.весник на РМ бр. 23/11) изготви Известување за дополнување на барањето. Барателот ----------------- на ден 08.06.2012 година доставила Барање за достава на Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени со деловоден број 11/4100 од 31 05.2012 година, изработен од ------------------ ДООЕЛ Скопје, заведен под УП 1 бр.28-10739. Општина Гази Баба согласно поднесениот Геодетски елборат изготвила службено барање за да изврши увид на лице место, да се утврди фактичката состојба на самото место и да се состави Записник од извршниот увид на самото место. Општина Гази Баба согласно поднесениот Геодетски елаборат изврши увид на лице место и состави Записник УП 1 бр.28-10739 од 04.12.2012 година, со кој е констатирано дека се работи за проширување на стан во колективна зграда и истиот претставува функционална целина.

Барателот --------------- на ден 02.03.2016 година достави Изјава заверена на нотар ----------------------- за КП бр.962/1 КО Гази Баба, со број УЗП 7821/2016 од 02.03.2015 година со која изјавува дека бесправниот објект е изграден пред законот да стапи на сила односно пред февруари 2011 година.

Барателот --------------- поднесе Барање за дополнување на барањето заведено под Бр.28-3/2852 од 19.07.2016 година, со што достави Скица со податоци од зградата и посебни делови од зграда со број 1106-6920 од 07.07.2016 година и Имотен лист бр 4581 за КП бр. 952/1 КО Гази Баба.

По разгледување на документацијата констатирано е дека *за* предметната парцела КП бр 952/1 КО Гази Баба има делба, односно нова нумерација во Агенција за катастар на недвижности со што граѓаните се обврзани да се достават Извод од катастарски план и Уверение за идентификација на истата. Во комуникација со барателот ----------------- донесени се Извод од катастарски план со бр.1106-3442/2018 од 29.03.2018 година издаден од Агенција за катастар на недвижности Уверение за идентификација со бр.1111-3012 од 29.03.2018 година издадено од Агенција за катастар на недвижности и Имотен лист бр.45366 од 29.03.2018 година со бр 1105-53267/2018 од 29.03.2018 година, издаден од Агенција за катастар на недвижности.

Барателот --------------------- на ден 03.04.2018 година доставил Изјава заверена на нотар за КП бр.952/12 КО Гази Баба, со број УЗП 8387/2018 од 03.04 2018 година, со која изјавува дека бесправниот објект е изграден пред законот да стапи на сила, односно пред февруари 2011 година.

Барателот --------------- на ден 30.05.2018 годана достави копија од Имотен лист бр.4617.

Во одговорот е дадено појаснување дека не се работи за тераса туку за доградба на стан во станвена зграда. Во конкретниот случај не е донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од причина што барателот ---------------------- не ги доставила бараните документи – докази, односно нема доставено согласности од физичките лица кои имаат заедничка сопственост на земјиштето во Имотниот лист број 5607 од 18.03.2016 година за КП бр. 962 КО Гази Баба.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека постапиле други надлежни органи (општина Гази Баба) кои во рамките на своите надлежности преземале процесни дејствија согласно закон и ја утврдиле фактичката доградба на стан во станвена зграда документи - докази, односно не доставил согласности од физичките лица кои имаат заедничка сопственост на земјиштето во Имотниот лист број 5607 од 18.03.2016 година за КП бр. 962 КО Гази Баба, согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти поради што и службените лица во општина Гази Баба не постапиле во конкретниот случај

односно не донеле Решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект - доградба на стан во станбена зграда во сопственост на подносителот на пријавата. Имајќи го во предвид сето споменато, ДКСК заклучи дека наводите не се потврдени и елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај и предметот да се затвори и архивира. Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П
Одобрил: С.П.Д, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**